РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 09-1578/1
07.12.2018 год.
ВАСИЛЕВО

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за финансиска поддршка на Едниците на Локалната самоуправа и единки корисници основани од Единиците на Локалната самоуправа и единки корисници за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.209/2018 од 15.11.2018 година), Градоначалникот на општина Василево објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК БР.01/2018

Со овој повик се повикуваат сите доверители на Општина Василево и единките корисници кои имаат доспеани, а ненаплатени обврски евидентирани во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските заклучно со месец Септември 2018 година, да се пријават во Општина Василево со цел спогодбено утврдување на износот на обврските.

Пријавата треба да содржи целосен назив на правното лице, седиште,матичен бриј и даночен број на доверителот, телефон за контакт и маил адреса, односно фотокопија од лична карта и телефон за контакт и маил адреса, за физички лица и сите можности кои доверителите ги нудат кон општината во однос на сервисирање на нејзината обврска.

Со пријавата, во која ќе биде означено дали истата се однесува за Општина Василево или за единките корисници, доверителите треба да достават:

- Тековна состојба (за правните лица), не постара од 6 месеци, во оргинал или во копија заверена на нотар,
- Книговотствена документација за вкупните нивни побарувања или
- Правен основ врз основа на кој настанала обврската (решение,пресуда,извршна исправа и сл.)

Општината го задржува правото во текот на постапката за преговарање да побара дополнителни документи кои се од интерес на постапката.

За обврските на општината, Градоначалникот ќе пристапи кон преговори со сите доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските, односно намалување на обврските за општината, за што се составува и потпишува записник со секој доверител.

За обврските на единките корисници, Градоначалникот и Одговорното лице на единката корисник ќе пристапат кон преговори со сите доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските, односно намалување на обврските за единката корисник, за што се составува и потпишува записник со секој доверител

За датумот и местото на одржување на преговарањето, доверителите, ќе бидат дополнително известени.

По завршување на процесот на преговарање, Градоначалникот на општината ќе изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани,а неплатени обврски и истиот ќе го достави до Советот на општината кој го одобрува со Одлука.

Приоритет при исплата на доспеаните, а неплатени обврски, имаат обврските со кои спогодбено со доверителот е постигнато целосно откажување од камата и намалување на главницата на побарување за 15%.

Рокот за пријавување на јавниот повик изнесува 15 дена, и започнува да тече од наредниот ден од денот на објавување на повикот.

Повикот ќе биде објавен на огласната табла на Општина Василево, на веб страната на Општина Василево и во едно јавно гласило/медиум.

Пријавата заедно со целокупната документација треба да биде доставена до Архивата на Општина Василево, Василево бб. Василево, со назнака „за Јавен повик 01/2018 за пријава на Доверители" или по пошта со препорачана пратка. Ненавремените пријави нема да бидат земени во предвит при процесот на преговарање.

Општина Василево
Градоначалник,
Марјан Јанев

Република Македонија Општина Василево
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВАСИЛЕВО